РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4253/8
24.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 17.10.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојаноска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2024 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово со Предлог - Конкурсна документација и Предлог - Пријава.
3. Предлог-одлука за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово.
4. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство.

5. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Тотал ТВ за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка– услуга: Воведување и имплементација на стандардот ISO 27001:2013 - систем за управување со безбедност на информации.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Петрушевски го усвои предложениот Записник од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2024 година, одржана на 30.09.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово со Предлог - Конкурсна документација и Предлог - Пријава. Објасни дека Студијата за утврдување на оправданост за распишување на конкурс за радио во Куманово покажа дека постои оправданост. Куманово е општина се најмногу жители во Македонија, има и значен економски потенцијал, односно значен број на активни деловни субјекти. Повеќе активни деловни субјекти од Куманово има само во Битола и во Тетово. Од друга страна во Куманово само две радиостаници имаат дозвола да емитуваат на локално подрачје, од кој што едната, говорниот дел го емитува на македонски и српски јазик, а другата на албански јазик. Имајќи ги предвид нивните економските перформанси, со доделување на нова дозвола, нема да се загрози квалитетот на постојната програмска понуда, напротив, ќе се збогати, публиката ќе добие нови содржини од локален карактер и информации за случувањето во рамките на општината. Предлогот е да се распише конкурс за доделување дозвола за програмски сервис Говорно музичко радио од општ формат, во која застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции и тоа на македонски јазик.

Г-дин Фидановски рече дека претходниот период имаше една неубава тенденција на затворање на радиостаници од различни причини. Сега рече дека го радува фактот што во последните неколку седмици Советот носи Одлуки со кои треба да се објави јавен конкурс за добивање на радио со дозволи на локално ниво. Тоа значи дека постои оправданост за такво нешто и дека има заинтересирани субјекти кои што би сакале да отворат радио кое што ќе ја зголеми конкуренцијата на локално ниво и ќе го збогати медиумскиот пејсаж. Од тие причини се изјасни дека со задоволство ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, и тоа за програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 92.6 MHz.

Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ", на веб-страницата на Агенцијата, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ".

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Тетово. Објасни дека Тетово е македонска општина со најголем број радиостаници. Има пет радиостаници, и во ниедна друга општина нема толкав број. Едно од нив е говорно-музичко радио а дури 4 се музичко-говорни радија. Во Барањето подносителот бара музичко радио и со распишување на јавен конкурс за доделување на уште една иста дозвола како тие кои што веќе постојат, само би се дуплирала понудата и со тоа на никаков начин нема да се обезбеди разновидност. Од таа причина, бидејќи не постои оправданост, се предлага да се одбие Барањето за распишување на јавен конкурс за музичко радио во општина Тетово.

Г-дин Ајдини рече дека од Студијата произлезе заклучок дека нема можност за уште едно радио, бидејќи во Тетово веќе има пет радија, односно во овој момент нема потреба за ново радио кое ќе емитува програма како и другите радија што зрачат во таа општина. Тука има целосно спротивна ситуација бидејќи за Куманово имаше потреба за едно такво радио. Објасни дека два пати се видел со физичкото лице кое го поднел Барањето, и беше подготвен да направи добро радио, но со формат како што веќе постои. Рече дека жали што не може да му се излезе во пресрет на барателот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, со дополнување (арх.бр.08-697/6 од 17.07.2024г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Тетово (арх.бр.03-4243/1 од 14.10.2024г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство. Објасни дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули минатата година, беа направени измени на правилата за спонзорство, на самата одредба, но и дефиницијата за поимот спонзорство. Од овие причини беше потребно да се започне со постапка за изменување и дополнување на Правилникот. Советот на Агенцијата на својата 29 седница, одржана на 17 јули 2024 година, усвои Нацрт-правилник за кој што отвори јавна расправа во траење од 45 дена, и истата заврши на 2 септември. Во текот на јавната расправа, пристигна само еден предлог за текстот на Нацрт документот, од управителот на Радио Канал 77, г-дин Виктор Гаврилов, кој побарал Агенцијата да направи промена во членот 8 став 2 од Правилникот, односно да овозможи повеќе начини за означување на спонзорството, освен со користење на зборот „спонзор“. Предлогот е прифатен и е вграден во Предлог-правилникот, а други промени не се направени. Претходната формулација во Правилникот во член 8 став 2, беше дека спонзорот треба да биде јасно идентификуван со користење на зборот „спонзор“. Сега е додадено, „или со користење на други соодветни изрази“, и се наведени во заграда дел од изразите што беа спомнати во дописот од Канал 77„ поддржано од“, „во соработка со“, „овозможено од“, „во партнерство“ и други. Објасни дека други измени, во однос на Нацрт текстот претходно што Советот го усвои, нема. Имајќи го предвид наведеното, се предлага Советот да го усвои Предлог-правилникот за изменување, дополнување на правилникот за спонзорство, кој потоа ќе се објави во Службен весник, а потоа како пречистен текст, да се објави на веб страницата и да се достави до субјектите, односно до давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство, да го објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст.

Горенаведениот подзаконски акт (пречистен текст) да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 5**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка јавна опомена, односно дека не го отстранил прекршокот. Со контролниот надзор беше констатирано ТВ ГУРРА дека не ги

обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, како полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, адресата на седиштето, податоци за контакт, за одговорното лице и за надлежното регулаторно дело. Од овие причини во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предлага Советот на Агенцијата да донесе Предлог за поведување прекршочна постапка. Напомена дека откако Извештајот од надзор беше даден во материјалите за седницата, Секторот констатирал дека има една техничка грешка, каде што пишува дека телевизијата емитува програма на државно ниво а треба да стои - на локално ниво. Извести дека пред да започне правната постапка, Извештајот ќе биде коригиран.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-4218/1 од 10.10.2024г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и утврди прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис емитуван на 6 октомври 2024г. е констатирано дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка-јавна опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од ЗААВМУ и не ги обезбедил информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Тотал ТВ за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека согласно наодите од Извештајот за извршен редовен програмски надзор, овој оператор реемитува неколку канали кои што не се опфатени со потврдата за регистрација. Бидејќи ова прекршување го прави прв пат оваа година се предлага да се изрече мерка јавна опомена, и да му се наложи веднаш да ги исклучи странските програмски сервиси кои ги реемитува без потврда за регистрација. Исто така, процедурално го извести Советот дека пред околу еден месец направен е надзор над Тотал ТВ и се констатира дека врши реемитување на сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-4226/1 од 14.10.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на РСМ, на ден 14.10.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Sky News“, „Brazzers“, „Reality Kings“, „CNN“, и „Narodna“, кои не се опфатени

со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Воведување и имплементација на стандардот ISO 27001:2013 - систем за управување со безбедност на информации. Објасни дека станува збор за јавна набавка која што е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2024 година, а средствата се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година. Според износот на средството кои што се предвидени за оваа набавка, истата ќе биде спроведена како набавка од мала вредност, со почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки за тој вид постапка, што значи дека постапката ќе започне со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки. Објасни дека во материјалите по точката има и образложение дека оваа набавка се спроведува со цел Агенцијата да се сертифицира со сертификат за управување со безбедносни информации. Меѓутоа, за тоа да се обезбеди, потребно е прво да се изврши анализа и изработка на соодветни процедури, односно, треба да се направи воведување и имплементација на овој стандард, поради тоа се предлага да биде спроведена.

Г-дин Петрушевски рече доколку овој проект односно набавка успешно се спроведе, Агенцијата ќе биде во редот на редок број фирми во Македонија кои го имаат овој ИСО стандард. Најчесто го имаат информатички и јаки компании. Од таа причина се изјасни дека ќе поддржи предлогот да се спроведе оваа набавка.

Г-дин Трајчев рече дека како и секогаш во вакви и слични случаи дава една сугестија во делот на критериумите цена-квалитет. Наведе дека Советот согласно Законот нема ингеренции и не учествува во начинот како ќе се спроведе постапката. Советот дава само одобрување на средства и одобрување да започне постапката. Но сепак, секогаш принципиелно има против критериумот цена-квалитет да биде 50-50, односно секаде каде што може, да се избегнува овој начин. Смета дека може со други критериуми на набавката да се определи кој може да учествува, а најниската цена да биде таа која ќе одлучи кој ќе ја добие таа набавка. Посочи дека ова е само негово укажување, и нема надлежност за повеќе од ова.

Раководителката Митревска објасни дека станува збор за набавка од мала вредност, која според Законот за јавни набавки во однос на способностите може да се бара само ДРД образец. Други способности не може да се бараат како што се техничка и професионална способност и сите други што се предвидени во Законот за јавни

набавки. Од тие причини, преку критериумот за доделување на договор за јавна набавка, во овој случај најдобар однос на цена и квалитет, се направи обид да се добие некоја подобра понуда за оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски објасни дека ова е принципиелна забелешка на г-дин Трајчев, тоа е негово право и секогаш го кажува. Инаку околу согласноста за одобрување на јавните набавки досега Советот немал несогласувања.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Воведување и имплементација на стандардот ISO 27001:2013 - систем за управување со безбедност на информации.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Воведување и имплементација на стандардот ISO 27001:2013 - систем за управување со безбедност на информации е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с. р.**